**20140120322**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 8/04, 98/08 и 158/11), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ОДНОСНО ИЗДАВААТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на водење евиденција за државјаните на Република Македонија и за обрасците што се применуваат односно издаваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/93 и 80/05) во членот 1 зборовите „барањето за стекнување односно престанок на државјанството на Република Македонија,“ се заменуваат со зборовите „барање за издавање уверение за државјанство на Република Македонија, барање за утврдување државјанство на Република Македонија, барање за стекнување државјанство на Република Македонија, барање за отпуст од државјанство на Република Македонија,“.

Член 2

Во член 2 во ставот 1 по зборот „место“ се додаваат зборовите „и датум“, а зборовите „матичен број“ се заменуваат со зборовите „единствен матичен број на граѓанинот; адреса и место на живеење;“.

Во ставот 3 зборот „занимање“ се заменува со зборовите „националност, пол; возрасна група;“.

Член 3

Во член 6 ставот 1 се менува и гласи:

„Барањето за издавање уверение за државјанство на Република Македонија кое се поднесува до Министерството за внатрешни работи, односно до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, ако подносителот живее во странство, се пополнува на Образец број 1.“

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Барањето за утврдување државјанство на Република Македонија, барањето за стекнување државјанство на Република Македонија и барањето за отпуст од државјанство на Република Македонија кои се поднесуваат во подрачната организациска единица на Министерството за внатрешни работи каде што подносителот има живеалиште, односно во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, ако подносителот живее во странство, се пополнуват на Образец број 1-а, 1-б и 1-в..

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 4

Во членот 7 по бројот „1“ се додаваат броевите “1-а, 1-б, 1-в“.

Член 5

Образецот број 1 се заменува со нов Образец број 1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Обрасците број 1-а, 1-б и 1-в се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-4179/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образец број 1

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ УВЕРЕНИЕ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име и Презиме | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Пол |
|---|---|---|---|
| | _____ . _____ . ___________ | | |

| Единствен матичен број на граѓанинот | Адреса и место на живеење |
|---|---|
| _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | |

2.ПОДАТОЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

| | Име и Презиме | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|
| 1 | | _____ . _____ . ___________ | |
| 2 | | _____ . _____ . ___________ | |

Датум и место на поднесување на барањето

____.____._20____, _________________

Потпис на подносителот

______________________________

Податоци за контакт ____________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

3. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

4. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 3. на ова барање.

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДРЖАВЈАНСТВО:

- Податоците од делот 1 и 2 ги пополнува подносителот на барањето;
- Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот “податоци за контакт“;
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 3 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

ДО
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Образец број 1-а

______________________________

БАРАЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме | Националност | Пол |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Адреса и место на живеење |
|---|---|---|
| ____ . _____ . ___________ | | |

| Име на татко | Име и моминско презиме на мајка |
|---|---|
| | |

2. ПОДАТОЦИ ЗА МАЛОЛЕТНО ДЕТЕ/ДЕЦА:

| | Име | Презиме | Ден, месец, година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |

3.СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛОТ-СТРАНЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА МАЛОЛЕТНО ДЕТЕ

| | Презиме Име | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |

Потпис на подносителот

Датум и место на поднесување
на барањето

____.____._20____, __________________ ________________________________

Податоци за контакт ______________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ________________________________

4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните од Република Македонија (*) |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените од странство (доколку лицето не е родено во Република Македонија) |
| ☐ | Доказ за државјанството на Република Македонија за родителот/родителите (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката ____________________________________ __________________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 4 на ова барање.

Потпис на подносителот

_____________________________________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

- Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето;
- Податоците од делот 2 се пополнуваат доколку барањето за утврдување на државјанство на Република Македонија се однесува за малолетно дете/деца на подносителот на барањето;
- Податоците од делот 3 ги пополнува подносителот на барањето доколку барањето за утврдување на држвјанство на РепубликаМакедонија се однесува и за малолетното дете/деца, а

родителот кој не е државјанин на Република Македонија се потпишува дека е согласен на детето да му се утврди државјанство на Република Македонија;

- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот “податоци за контакт“;
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 4 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

ДО
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Образец број 1-б

______________________________

БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Основ за поднесување на барањето (се одбира еден од основите)

1.1 Пријавен законски престој во Република Македонија неприкинато осум години; ☐
1.2 Брак со државјанин на Република Македонија најмалку три години (живее во Република Македонија); ☐
1.3 Брак со државјанин на Република Македонија најмалку осум години (живее во странство); ☐
1.4 По потекло од Република Македонија ( иселеник ); ☐
1.5 Национален или друг особен интерес; ☐
1.6 Признат статус на бегалец или без државјанство; ☐
1.7 Лице помладо од осумнаесет години ако еден или двајцата родители се стекнале со државјанство на Република Македонија со природување ☐

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме | Националност | Пол |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место и држава на раѓање |
|---|---|
| ____ . ____ . ________ | |

| | Име и Презиме на родителите | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|
| 1 | | ____ . ____ . ________ | |
| 2 | | ____ . ____ . ________ | |

| Претходно државјанство | Лице за контакт и адреса во Република Македонија |
|---|---|
| | |

2. ПОДАТОЦИ ЗА БРАЧНИОТ ДРУГАР

| Име | Презиме | Националност | Пол |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место и држава на раѓање |
|---|---|
| ____ . ____ . ________ | |

| | Име и Презиме на родителите | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|
| 1 | | ____ . ____ . ________ | |
| 2 | | ____ . ____ . ________ | |

| Претходно државјанство | Лице за контакт и адреса во Република Македонија |
|---|---|
| | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕ/ДЕЦА:

| | Име и Презиме | Ден, месец и година на раѓање | Место и држава на раѓање | Претходно државјанство | Националност | Пол | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |

Потпис на подносителот

Датум и место на поднесување
на барањето

____.____._20____, _________________

1.______________________________

2.

_____________________________

Податоци за контакт ___________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6 и 1.7 |
| ☐ | Биографија за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5;1.6 |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните за лица кои се родени во Република Македонија и лица кои склучиле брак во Република Македонија (*) за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6 и 1.7 |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните од странство (за лица родени во странство и лица кои склучиле брак во странство) за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6 и 1.7 |
| ☐ | Доказ од надлежен суд во Република Македонија дека против подносителот на барањето не се води кривична постапка (*) за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4;1.6 |
| ☐ | Доказ за обезбеден стан за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4;1.6 |
| ☐ | Доказ за постојан извор и висина на средства за егзистенција за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4;1.6 |
| ☐ | Доказ дека против подносителот на барањето не се води кривична постапка во државата чиј државјанин е за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4;1.6 |
| ☐ | Доказ дека подносителот на барањето не е казнуван со казна затвор во траење од една година во државата чиј државјанин е за дела за кои се гони по службена должност за: 1.1; 1.2; 1.3; 1.4;1.6 |
| ☐ | Доказ за законски пријавен престој во странство за 1.3 |
| ☐ | Доказ за нациолен или друг особен интерес за 1.5 |
| | |

| | |
|---|---|
| ☐ | Други документи неопходни за постапката_____________________________________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. на ова барање.

Потпис на подносителот

___________________________________

___________________________________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

. Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето;

. Податоците од делот 2 и 3 се пополнуваат доколку барањето за стекнување на државјанство на Република Македонија се однесува за брачниот другар односно за децата на подносителот на барањето,

. Во делот 3 означен за "потпис" се потпишуваат полнолетните деца, а децата кои навршиле 15 (петнаесет) години живот само за постапката под реден бр. 1.7 дека се согласни за стекнување на државјанство;

. Делот 1 и 2 означен за "лице за контакт и адреса во Република Македонија" се пополнува за постапките под реден бр. 1.3;1.4;1.5;

. Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт";

. Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 4 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето;

Образец број 1-в

БАРАЊЕ ЗА ОТПУСТ ОД ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме | Националност |
|---|---|---|
| | | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место и држава на раѓање |
|---|---|
| ____ . _____ . ___________ | |

| | Име и Презиме на родителите | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|
| 1 | | _____ . _____ . ___________ | |
| 2 | | _____ . _____ . ___________ | |

| Државјанство кое се стекнува | Лице за контакт и адреса во Република Македонија | Адреса и место на живеење во странство |
|---|---|---|
| | | |

2. ПОДАТОЦИ ЗА БРАЧНИОТ ДРУГАР

| Име | Презиме | Националност |
|---|---|---|
| | | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Државјанство кое се стекнува | Лице за контакт и адреса во Република Македонија |
|---|---|---|---|
| ____ . _____ . ___________ | | | |

| | Име и Презиме на родителите | Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|---|
| 1 | | _____ . _____ . ___________ | |
| 2 | | _____ . _____ . ___________ | |

| Државјанство кое се стекнува | Лице за контакт и адреса во Република Македонија | Адреса и место на живеење во странство |
|---|---|---|
| | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕТЕ/ДЕЦА:

| | Име | Презиме | Ден, месец, година на раѓање | Место на раѓање | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |

4. СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛОТ-СТАРАТЕЛ ЗА ОТПУСТ ОД ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА МАЛОЛЕТНО ДЕТЕ

| | Презиме Име | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |

Потпис на подносителот

Датум и место на поднесување
на барањето

____.____._20____, _________________ 1.______________________________

2.

______________________________

Податоци за контакт ____________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Биографија |
| ☐ | Гаранција дека подносителот на барањето ќе биде примен во странско државјанство или доказ дека се стекнал со странско државјанство |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*) |
| ☐ | Доказ од надлежен Центар за социјални работи дека подносителот на барањето ги има регулирано имотно-правните обврски и други законски обврски кои произлегуваат од брачниот однос и односот на |

| | |
|---|---|
| | родители и деца кон лица кои живеат во Република Македонија (*) |
| ☐ | Ако при поднесување на барањето за отпуст од државјанство на Република Македонија на малолетно дете, еден од родителите не дал согласност за отпуст, согласноста може да се обезбеди од страна на надлежен орган за старателство (* - ВО СЛУЧАЈ КОГА ДРУГИОТ РОДИТЕЛ НЕ МОЖЕ ИСТАТА ДА ЈА ОБЕЗБЕДИ) |
| ☐ | Доказ дека се измирени имотно-правните и другите законски обврски спрема Фондот за здравствено осигурување(*) |
| ☐ | Доказ дека се измирени имотно-правните и другите законските обврски спрема Управата за јавни приходи (*) |
| ☐ | Доказ од Централен регистар дека не е поведена стечајна постапка, односно постапка за престанок на трговското друштво чиј основач или содружник е, односно за трговецот поединец (*).<br>За прибавување на овој доказ потребно е подносителот на барањето да приложи доказ за наплатена административна такса во износ од 10 евра во денарска противвредност. |
| ☐ | Доказ од надлежен суд во Република Македонија дека против подносителот на барањето не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност или ако е осудено на казна затвор доказ казната да ја издржало (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката ______________________________<br>______________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

---

6. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. на ова барање.

Потпис на подносителот

______________________

______________________

---

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОТПУСТ ОД ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

. Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето;

. Податоците од делот 2 и 3 се пополнуваат доколку барањето за отпуст од државјанство на Република Македонија се однесува за брачниот другар односно за децата на подносителот на барањето, а во делот 3 означен за "потпис" се потпишуваат полнолетните деца и децата кои навршиле 15 (петнаесет) години живот дека се согласни за престанок на државјанството;

. Податоците од делот 4 ги пополнува подносителот на барањето доколку барањето за отпуст од држвјанство на РепубликаМакедонија се однесува и за малолетното дете, а родителот кој не бара отпуст од државјанство на Република Македонија се потпишува дека

е согласен детето да добие отпуст од државјанство на Република Македонија;

. Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт";

. Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 5 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето